АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 11.08.2015 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4988 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

Согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2015 година, предвидено е вториот редовен административен надзор над работата на издавачите на печатени медиуми во врска со почитувањето на обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми да се изврши во јуни 2015 година. Меѓутоа, за време на вршењето на редовниот надзор (25 јуни 2015 година) не беа издадени нови броеви на магазините „Играј“ и „Мајка и бебе“, а на постоечките Агенцијата веќе претходно изврши контролен надзор. Контролниот надзор на магазинот „Играј“ беше спроведен на 9 јуни 2015 година, а на магазинот „Мајка и бебе“ на 26 мај 2015 година. Затоа редовниот надзор над овие печатени медиуми се врши дополнително.

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Играј“ и Друштво за трговија и услуги ГАЛА МЕДИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Мајка и бебе“, и тоа:

**2.1.** изданието бр.13 на месечниот магазин „Играј“ за август година и
**2.2.** изданието бр.28 на месечниот магазин „Мајка и бебе“ за јуни 2015 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 август 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

**5. Констатации од надзорот:**

Со надзорот е констатирано дека издавачите на печатени медиуми кои беа предмет на надзорот **во целост ја исполнија обврската** од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***